НАШЕ СОНЦЕ

Декември, 2012

МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ КРАЊ, СЛОВЕНИЈА

Број 15

# НАШЕ СОНЦЕ



14. ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ одржан во летниот театар во Khislstein

Ликовни изложби: Кошаркоски, Димовски, Берко

МКД „Св. Кирил и Методиј“ добитник на наградата на МО Крањ за 2012 година

Прешерново оро 2012: ПЕСНА - СЛИКА - МУЗИКА

# Вовед

Почитувани читатели на весникот *Наше сонце*, на ова место обично ги набројуваме настаните кои се опфатени во тековниот број на весникот. И ова, 15-то по ред издание на весникот изобилува со настани. Централен настан е 14. ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ 2012, кој годинава за прв пат се одржа во летниот театар во Khislstein. Пред почетокот на фестивалот, фолклорните групи продефилираа по стариот дел на Крањ.

Не изостанаа и другите настани, како што се бројните ликовни изложби, настапите на фолклорните групи и спортските активности на друштвото. Завршната вечер на проектот Прешерново оро 2012, со наслов ПЕСНА - СЛИКА - МУЗИКА, изобилуваше со богати содржини.

Доказ за успешното 20-годишно дејствување на друштвото е наградата на МО (Mestna Občina) Крањ, за 2012 година, која ни беше врачена на свечената академија по повод општинскиот празник на МО Крањ.

Се надеваме дека со настаните кои се претставени во весникот ги исполнуваме вашите очекувања и дека со интерес ги читате.

Електронската форма на весникот е достапна на нашите интернетни страни:

www.mkd-kim.si и

www.mkc-kranj.si

Од уредниците

**Издавач на весникот:**

МКД „Св. Кирил и Методиј“ Крањ

Адреса: Савска цеста 34, Крањ, Словенија

Весникот НАШЕ СОНЦЕ излегува еднаш до два пати годишно

Весникот е бесплатен. Тираж 300 примероци

**Автори на весникот:**

Сандра Газинковски

Дарко Атанасов

Даниел Атанасов

Игор Захариев

**Дизајн и техничко уредување:**

Игор Захариев

# 14. ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ одржан во летниот театар во Khislstein

Поминаа 14 години од остварувањето на идејата за собирање на културни друштва од сите етнички заедници во поранешна Југославија, кои ќе се претстават со ора и песни, што значи поминаа 14 години од првиот фестивал ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ. Оваа година се оствари и идејата за организирање на фестивалот на отворено, со дефиле по стариот дел на Крањ, со што фестивалот беше вклучен во списокот на летните настани кои се случуваат во градот Крањ, под палката на Заводот за туризам на Крањ. 14. ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ се одржа на 22.6.2012 година. Фолклорните групи продефилираа низ стариот дел на Крањ, од плоштадот *Словенски трг* до замокот Khislstein, при што застанаа на неколку места и се претставија со ора и песни.



foto Daniel Atanasov

Фестивалскиот дел се одржа во летниот театар во замокот Khislstein, а учество зедоа 12 фолклорни групи, кои се претставија со 13 кореографии, карактеристични за подрачја од цела поранешна СФРЈ.

Пред да ги поздрават гледачите, водителската двојка, Сандра Газинковски и Дарко Атанасов, се претставија со интересен скеч, за што беа наградени со аплауз од публиката.

Фестивалот свечено го отвори претседателот на МКД „Св. Кирил и Методиј“, г-динот Игор Захариев.


foto Daniel Atanasov



foto Daniel Atanasov




Традиционално, први ледот го пробија домаќините, фолклорната група на **МКД „Св. Кирил и Методиј“** од Крањ. Тие се претставија со *Преспански игри*, за кои се карактеристични грациозноста и убавината на ората, богатството на музиката и специфичноста на носиите. Публиката не го криеше своето задоволство.

Ментор на фолклорната група е Методи Златков, а уметнички раководител е Даниел Ефремов.




Првите наши гости дојдоа од Љубљана, поточно од **СКУД Видовдан**. Од поблизу ги запознавме преку кореографијата *Plesi in pesmi iz Belopalanačkega polja*, чиј автор е Милан Гламочанин, кој воедно е и ментор на фолклорната група.

Следуваше настапот на групата повозрасни фолклористи (стари по години, а млади по срца) од **МКД Илинден** од Јесенице. Тие го обогатија фестивалот со три ора *Весела гајда*, *Малешевка* и *На трипати*.

Кореограф на настапот е Тодор Стоименов.









На ред беше **СКПД Свети Сава**, кои се претставија со *Igre iz okoline Gnjilana*, во кореографија на Десанка Ѓорѓевиќ.

Ментор на фолклорната група е Марко Смоловиќ.

**КУД ДЕМ** од Крањ ни се претстави со *Žegarske igre*, со кои претставија игри на Хрватите од селото Жегаре во Босна и Херцеговина. Кореографијата е составена од *жегарско оро*, *бирачко оро* и *бибер оро*.

Ментор на фолклорната група е Ема Хрустановиќ.




Нашите традиционални пријатели и гости, фолклорната група од **КУД Младост** од Љубљана, се претстави со *Igre iz Binačke morave*, во кореографија на Дејан Милисаљевиќ. Во кореографијата се претставени ѓурѓовденските обичаи во селото Пасјан, близу Гњилане, како што се украсувањето на вратите, прозорците и влезовите на дворовите со цвеќиња и гранки од дрвјата, со цел годината да биде богата и бериќетна. Во рамките на кореографијата се претставија со ората *Гњиланка*, *Шврљиг*, *Прешевка* и *Силовски чачак*.




Ментор на фолклорната група е Дејан Војводиќ.

Фолклористите од **МКД Охридски бисери** од Нова Горица ни се претставија со ора од *Пиринскиот дел на Македонија*, кои извираат од 19. век.

Ментор на фолклорната група е Боре Митовски, а уметнички раководител е Џевад Абаз.






Фолклористите на сениорската група на **СКД Брдо** од Крањ ги видовме во изведба на кореографијата која вклучува *Plesi in pesmi iz okolice Niša* (*Ide dedo niz dolinu, nosi babu niz grbinu*). Се работи за нова кореографија на ора од југоисточниот дел на Србија, како што се *руменка*, *осампутка*, *бела рада* и *чачак*, со разновидни хармонии и чекори.

Ментор на фолклорната група и автор на кореографијата е Дејан Бодирожа, а автор на музичката приредба е Дејан Ерцег.

**МФГ Калина** од Љубљана ја изведе кореографијата *Сред село*, во која е претставено македонско село во кое секогаш владее весела атмосфера,




бидејќи многу се пее и води оро. Во минатото, на сред село се собирале и дружеле стари и млади, и многупати таму се раѓала нова љубов, која била крунисана со песни и ора.

Автор на кореографијата е Анета Димитријевиќ. Ментор на фолклорната група е Соња Цекова Стојаноска.

**Фолклорното друштво Преддвор** се претстави со *Splet gorenjskih plesov iz okolice Preddvora,* како што се: *štajeriš v tri, štajeriš s premetom, štajeriš s petjem, požugana, zibenšrit, rašpla* и *klobuki*. Тоа се игри што друштвото ги негува од самото основање, од пред 60 години.

Ментор на фолклорната група и кореограф е Матеја Носан.




Следеше настапот на јуниорската фолклорна група на **МКД Илинден** од




Јесенице. Ги видовме со кореографијата *Источна Македонија*.

Ментор на фолклорната група е Бранко Георгиев.

На ред дојдоа и последните гости, кои пристигнаа од Копер. **АКУД Коло** се претстави со *Plesi in pesmi iz Leskovačkega Pomoravja* (*Ogrejala sjajna mesečina*). Кореографијата прикажува дел од традиционалното пеење и играње во Лесковачкото поморавје во југоисточна Србија, кое потекнува од втората половина на 19. век и првата половина на 20. век. Карактеристично за кореографијата е дека машките и женските играат одвоено, иако играат во исто оро и пеат иста песна (*Зафали се млада беговица*), што е особина на стари начини на играње. Интересна е и песната *Аjде, аjде нане*, во која се опишува




типичната женска народна носија. Во заедничките ора, фолклористите се претставија со *власинка* и *бугарка*. Водечка улога во текот на целиот настап имаше тапанот.

Ментор на фолклорната група е Весна Бајиќ Стојиљковиќ.

Како што го отворија, членовите на фолклорната група, домаќин и го затворија фестивалот. Овојпат фолклористките се претставија со кореографијата *Лазаренки*, посветена на празниците лазарова сабота и цветници, кога девојките украсени со цвеќе пееле и играле посебни песни и ора. Тие девојки ги викале лазаренки.




После настапите, сите фолклористи се преселија во просториите на МКД „Св. Кирил и Методиј“, каде продолжија да се забавуваат во присуство на жива музика во изведба на музичката секција на друштвото.

## Детска фолклорна група: гостувања 2012

**4.6.2012 година: хотел Унион, посета на претседателот на собранието на Република Македонија**

За време на посетата на македонскиот претседател на собранието, г-динот Трајко Велјановски, Сојузот на МКД во Словенија му приреди пречек во хотелот Унион каде беше организирана културна програма од страна на повеќе македонски друштва во Р. Словенија. Учество зедоа и нашите најмали фолклористи кои се претставија со неколку македонски песни и ора. Исто така се претстави и музичката секција со оркестарот на народни инструменти каде што се слушна гласот на кавалот, тапанот, тамбурата и.т.н.

Претседателот Велјановски со големо воодушување изрази задоволство што далеку од својата татковина ги негуваме нашата македонска традиција, јазикот и културата.

**16.06.2012 година: Локална заедница Планина-Хује**

По повод празникот на локалната заедница Планина-Хује на 16.06.2012 година беше организирана приредба на детското игралиште на Планина 1,





помеѓу детските градинки Мојца и Најдихојца. Учество зедоа и нашите најмали фолклористи, кои се претставија со неколку македонски песни и ора.

**15.09.2012 година: 20 години македонска култура во Љубљана**

После летниот одмор, за прв пат младите фолклористи настапија на Конгресниот плоштад во Љубљана, во рамките на проектот **20 години македонска култура во Љубљана**, во организација на МКД Македонија од



Љубљана. Настапија со *Машкото*, *Правата* и *Костадине мили сине*, а беа придружувани од Методи Златков на тамбура, Филипо Дамјанов на гајда и Ивица Боболински на тапан. За задоволство на гледачите, на крајот го одиграа и *На трипати.*

Во рамките на истиот проект, кој траеше неколку денови младите фолклористи имаа чест да настапат и пред претседателот на Република Словенија, др. Данило Тирк.

**22.09.2012 година: Поздрав на Декларацијата, Шентвид, Љубљана**

Поздравот на **Декларацијата на Република Словенија за положбата на народните заедници на припадниците на народите од некогашна СФРЈ во Република Словенија** беше одбележан во Љубљана на 22.09.2012 година, во Културниот дом во населбата Шентвид, каде се претставија фолклорни, музички и пејачки групи од сите поранешни југословенски републики. Учество зеде и детската фолклорна секција од нашето друштво, претставувајќи дел од својот репертоар кој темели на изворните македонски песни и ора.



**03.11.2012 година: Фолклорни денови, Јесенице**

НА Фолклорни денови во Јесенице детската фолклорна група се претстави со песната *Ајде Величке* и ората *Правото* и *На трипати*. За нивниот настап беа наградени со громогласен аплауз.



**20.10.2012 година: Разиграна младост**

Под името *Разиграна младост* се одржа меѓународниот фестивал во Крањ, во организација на културното друштво Брдо, на кој настапија 450 учесници. Меѓу нив беа и нашите мали фолклористи, кои изнудија силен аплауз кај гледачите.

*М.Златков, К.Герасимова, Д.Ефремова*



# Delovanje Zveze zvez KD Slovenije in predsedniške volitve v Republiki Sloveniji 2012

Leto 2011 lahko štejemo za najbolj uspešno v vsej devetletni zgodovini delovanja Koordinacije EXYUMAK oz. Zveze zvez KD Slovenije. **Državni zbor RS** je sprejel **Deklaracijo Republike Slovenije o položaju narodnih skupnosti pripadnikov narodov nekdanje SFRJ v Republiki Sloveniji (Uradni list RS št.7/11) dne 1.2.2011** in Vlada Boruta Pahorja je ustanovila ***Svet Vlade Republike Slovenije za vprašanja narodnih skupnosti pripadnikov narodov nekdanje SFRJ v Sloveniji***. Svet je imel dve seji pod vodstvo dveh ministrov za kulturo Majdo Širca in dr. Boštjana Žekša na katerih je sprejel pravila delovanja sveta ter program dela. Po parlamentarnih volitvah 2011 je delo Sveta zamrlo vse do junija 2012, ko smo po neformalnih kanalih izvedeli, da je bil Svet s strani Vlade Janeza Janše dne, 24.5.2012, št. akta 01100-1/2012/43, ukinjen s številnimi komisijami, sveti in drugimi delovnimi telesi pri Vladi Republike Slovenije. Sledila je protestna Izjava za javnost Zveze zvez z dne, 26.6.2012 iz katera povzemam:

"*Zveza zvez ocenjuje, da je bila sedanja aktualna poteza Vlade z ukinitvijo obravnavanega Sveta prenagljena, enostranska in za demokratični dialog v družbi med vsemi njenimi državljani in njihovimi narodnimi skupnostmi neprimerna. Zato Vladi predlagamo novi premislek ter jo pozivamo, da odpravi svoj sklep o ukinitvi in sprejme sklep o ponovni vzpostavitvi* ***Sveta Vlade Republike Slovenije za vprašanja narodnih skupnosti pripadnikov narodov nekdanje SFRJ v Sloveniji.*** *Prepričani smo, da predlagamo pravo pot in demokratično rešitev, ki ne bo nikomer v škodo ampak v korist vsem.*"

Pismo s podobno vsebino kot Vladi smo naslovili še Državni zbor Republike Slovenije in zapisali: "*Spoštovani,*

*To pismo pišemo razočarani zaradi postopka Vlade, ki je močno prizadel našo Zvezo zvez in narodne skupnosti Albancev, Bošnjakov, Črnogorcev, Hrvatov, Makedoncev in Srbov v Sloveniji in se nanaša na edino uradno telo v Republiki Sloveniji, ki ga te skupnosti premoremo oz. smo ga do pred dober mesec dni premogle, kajti sedaj je ukinjeno. Ker gre pri obravnavani ukinitvi za problem, ki je v najtesnejši zvezi z lansko Deklaracijo Državnega zbora Republike Slovenije, hkrati naslavljamo to pismo v samo vednost in kako morebitno ukrepanje njegovemu predsedniku.*"

Vsebina obeh pisem je postavljena na www.mkd-kim.si in www.mkc-kranj.si.



Predsedstvo Zveze zvez se je odločilo, da povabi na predvolilne pogovore vse tri predsedniške kandidate: aktualnega predsednika države dr. Danila Türka, dr. Milana Zvera in Boruta Pahorja ter jih seznanila našimi pričakovanji. V prvi vrsti smo izpostavili obnovo ***Sveta Vlade Republike Slovenije za vprašanja narodnih skupnosti pripadnikov narodov nekdanje SFRJ v Sloveniji*** **in Pogoje za implementacijo umeritev zapisanih v Deklaraciji Državnega zbora.** Na osnovi izmenjavi mnenj smo pripravili sledeče ***SPOROČILO ZA JAVNOST:***

*"Našemu članstvu in pripadnikom narodnih skupnosti Albancev, Bošnjakov, Črnogorcev, Hrvatov, Makedoncev in Srbov, ki živimo v Sloveniji, ter slovenski javnosti sporočamo, da so nas v zadnjih dveh tednih, na naše povabilo, obiskali vsi trije kandidati za predsednika naše države, Republike Slovenije: evropski poslanec dr. Milan Zver, predsednik Republike Slovenije dr. Danilo Türk in poslanec Državnega zbora Republike Slovenije Borut Pahor (navedeni po časovnem zaporedju obiska).*

*Predstavili smo jim situacijo in težave, s katerimi se sooča naše neideološko in nestrankarsko združenje, ki si že skoraj celo desetletje postopno in strpno, a vztrajno in odločno prizadeva za sistemsko ureditev položaja naših narodnomanjšinskih skupnosti v Republiki Sloveniji. Gostje in gostitelji smo se strinjali, da je bil na tej poti najpomembnejši dosežek velikovečinsko sprejetje Deklaracije Republike Slovenije o položaju narodnih skupnosti pripadnikov narodov nekdanje SFRJ v Republiki Sloveniji v Državnem zboru, s katero je država priznala kolektivno narodnostno dostojanstvo vsake od naših šestih narodnih skupnosti. Žal je pred pol leta ukinjen na podlagi te Deklaracije ustanovljen poseben Svet pri Vladi, ki je predstavljal edino uradno vez med našimi skupnostmi in državo in ki naj bi bistveno prispeval k dejanskemu urejanju odprtih vprašanj na tistih družbenih področjih, ki so naše skupnosti zanje posebej zainteresirane. Vsi trije predsedniški kandidati so povedali,*



*da si bodo prizadevali za ponovno vzpostavljanje tega »našega« Sveta pri Vladi.*

*Predsedstvo Zveze zvez ocenjuje, da so vsi trije predsedniški kandidati izrazili svojo iskreno naklonjenost reševanju konkretne problematike, s katero se srečujejo narodne skupnosti Albancev, Bošnjakov, Črnogorcev, Hrvatov, Makedoncev in Srbov v Sloveniji.*

*V Ljubljani, 6. novembra 2012*"

Po drugem krogu volitev 2012 za predsednika države smo čestitali zmagovalcu volitev, Borutu Pahorju s pismom iz katerega povzemam naslednja odstavka:

"*Naše iskrene čestitke! Želimo Vam čim več uspešnega delovanja v funkciji predsednika Republike Slovenije v nastopajočem petletnem mandatu. Prepričani smo, da boste zagotovo po svojih najboljših močeh naredili vse, kar boste menili, da nas lahko popelje iz vsestranske družbene krize in v boljše čase za vse nas in za našo državo Slovenijo.*" in

"*O politični sceni v Sloveniji razmišljamo torej enako, saj naj bi bil položaj predsednika Republike neideološki in nestrankarski, podobno kot je tudi naše družbenopolitično izhodišče. Potrebni pa so vsi naši potenciali in medsebojno zaupanje za kvalitetno odločanje in uspešen družbeni razvoj. Zato verjamemo, da ste izbrali pravo pot. Mi Vas bomo podpirali na tej poti. Hkrati pa tudi Zveza zvez pričakuje, da se boste kot novi predsednik Republike Slovenije Vi zavzeli za reševanje naših vprašanj, kot smo se o njih dogovarjali ob Vašem obisku, skupaj z dr. Žekšem in go. Kovačevo, 30. oktobra v prostorih Zveze črnogorskih društev Slovenije v Ljubljani.*"

Vsebina pisma novoizvoljenemu predsedniku je postavljena na www.mkd-kim.si in www.mkc-kranj.si.

*Dr. Ilija Dimitrievski,*
*Podpredsednik Zveze zvez KDS*

# Дополнителна настава по македонски јазик во Крањ

Од почетокот на месец септември во учебната 2012/2013 година, во просториите на ОУ „Јакоба Аљажа“ во Крањ, секој вторник, со почеток во 15 часот се изведува дополнителна настава по мајчин македонски јазик и национална култура на Р. Македонија за учениците кои потекнуваат од Р. Македонија, а живеат или престојуваат во Крањ, Р. Словенија.



Оваа учебна година дополнителната настава по македонски јазик во Крањ ја посетуваат 10 редовни ученици од вкупно запишани 13 ученици. Учениците се на возраст од 1. до 6. одделение и се поделени во две групи. Учениците покажуваат солидни резултати во изучувањето на македонскиот јазик и култура, повеќето од нив веќе одлично читаат и пишуваат на македонски јазик, и од ден на ден нивната мотивација за изучувањето на македонскиот јазик е сè поголема. За досегашниот постигнат успех на учениците во изучувањето на македонскиот јазик и нивната редовност им благодарам на родителите и на управниот одбор на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ, кои навистина многу помогнаа да ги анимираат родителите и учениците за посета на македонското училиште.

Интересно е дека ова е една помлада или најмлада генерација на наши ученици во Крањ, кои оваа учебна година за првапат се најдоа заедно во училишните клупи. Учениците имаат одлично другарство и пријателство, секогаш се интересираат за различни прашања од македонскиот јазик, култура и географија на Р. Македонија, како и за историски личности и празници во Р. Македонија. Се надевам дека на следниот квиз натпревар, на тема „Колку ја познаваме Р. Македонија“ ќе покажат одлични резултати на оваа тема.

Заедно со управниот одбор на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ и координаторот за дополнителната настава по македонски јазик, г-динот Методи Златков, се надеваме дека оваа бројка на ученици кои ја посетуваат дополнителната настава, во иднина ќе се зголеми.

Оваа учебна година дополнителната настава по македонски јазик во Словенија се изведува уште во Љубљана, Козина Хрпеље, Постојна и Нова Горица. Вкупниот број на наши ученици кои ја посетуваат дополнителната настава по мајчин македонски јазик е 62 ученика.

*Зекирија Шаиноски*

## Богородична средба, 2012



По повод празникот Голема Богородица, на 2.9.2012, на локација на одморалиштето Јепрца, беше организирана традиционалната богородична средба. На средбата, во присуство на жива музика (гостуваше Бранко Стојанов - Шабан, придружуван од музичката секција на друштвото), се водеше македонско оро. За јадење и пиење се погрижи ресторанот „Pri Matevžu“ од Крањ. На средбата присуствуваше свештеник од Македонија, кој го благослови ручекот, што се делеше на верниците.

По повод празникот, МПЦЗ во Словенија „Св. Климент Охридски“ организираше свечена литургија, која се одржа истиот ден со почеток во 9 часот, во црквата Св. Климент Охридски (Св. Флоријан) во Љубљана.

## Гостување на 25. фестивал во Feldkirchen, Австрија

Играорците на МКД „Св. Кирил и Методиј“ и музичкиот бенд *Балканика* од Крањ, на 6.7.2012 учествуваа на 25. фестивал во градот Feldkirchen во Австрија. Фестивалот беше во организација на Andrea Pecile, Билјана Томов и Erchard Blassnig MF Marketing – Feldkirchen.

Помеѓу 25 групи од исто толку земји, нашата фолклорна група ја имаше честа да го отвори фестивалот со полчасовен настап, со кој ги одушевија 20$^{-те}$ илјади присутни гости.

Фолклористите и музичарите по настапот продефилираа по градот и учествуваа на отварањето на *македонскиот бар*, кој беше отворен посебно за овој настан од страна на организаторите на фестивалот. Во *македонскиот бар*, посетителите на фестивалот ги вкусија и уживаа во македонските специјалитети на скара, залиени со македонско вино, мастика и струмка и во македонската песна и оро. Го одбележуваме и присуството на претседателот на Република Kärnten, г-динот Gerhard Dörfler, кој со македонското знаме во рака се фати на оро.

За фестивалот пишуваа неколку весници: Kleine zeitung, Felkirhenär, Woche, Krone ...

МКД „Св. Кирил и Методиј“ им се заблагодарува на организаторите за нивната покана и гостопримство на овој прекрасен фестивал. Посебна благодарност до г-ѓа Билјана Томов, која секогаш не подржува и успешно не претставува во соседна Австрија.



# Галерија Св. Кирил и Методиј: Изложба на икони на Кошаркоски



Во составот на проектот *Прешерново оро*, на 25.8.2012 година, во галеријата „Св. Кирил и Методиј“ беше отворена изложбата на икони на сликарот Алимпије Кошаркоски. Соорганизатори на изложбата беа Македонската православна црковна заедница во Република Словенија „Св. Климент Охридски“ и МКД „Ватрослав Облак“ од Целје. При свеченото отварање на изложбата кратоток говор одржаа претседателот на Сојузот на МКД во Република Словенија, г-динот Благоја Настески, претседателот на МКД „Ватрослав Облак“ од Целје, г-динот Владо Гаврилоски, претставникот на Амбасадата на Република Македонија во Република Словенија, г-динот Љупчо Јаневски, претседателот на МКД „Св. Кирил и Методиј“, г-динот Игор Захариев и авторот на иконите, г-динот Алимпије Кошаркоски, кој беше презадоволен што своите дела ги изложува во Крањ.




Алимпије Кошаркоски е роден во Вевчани. Иконопис се учел кај академскиот сликар Гоце Калајџиски и кај м-г Силва Божинова. Досега имал 9 самостојни изложби. Критика за неговите дела напиша доц. маг. Боге Димовски.







Во културната програма, со песни со литургиски карактер настапи *Крањски квинтет*. Квинтетот постои од 1993 год. и го сочинуваат членови од Крањ и околината. Во својот репертоар имаат народни, уметнички и побожни песни.

Програмата ја водеше Сандра Газинковски.

## Галерија Св. Кирил и Методиј: Ликовна изложба на Димовски

Ликовното друштво Крањ, со официјално отварање на 16.10.2012 година, го организираше првиот меѓународен фестивал *Срекавања*. На 14 места во Крањ и околината, свои дела изложуваа словенечки и сликари од 7 други држави. Меѓу изложувачите беше и доц. маг. Боге Димовски, кој покрај двете групни изложби во изложбениот простор на ресторанот *Stari Mayer* и галеријата *Caffe Central*, имаше самостојна изложба во галеријата *Св. Кирил и Методиј*.

Изложбата беше свечено отворена на 18. октомври од страна на претставникот на Амбасадата на Република Македонија во Република Словенија, г-динот Љупчо Јаневски. Краток говор одржаа и претседателот на МКД „Св. Кирил и Методиј“, г-динот Игор Захариев, ликовниот уметник маг. Клаудиј Тута, кој е и соорганизатор на овој меѓународен фестивал, како и изложувачот, доц. маг. Боге Димовски. Говорниците упатија пофални зборови за делата и работењето на сликарот.

Во културната програма се претстави *Kvartet Klapetuma* од Музичкото училиште Крањ, во состав Петра Зупан,





Маша Целар, Уршка Шинк и Клара Бедек, под водство на учителката Катја Старе. Тие се претставија со *Pastorala* од E. Bozza, *Ples lepe vile* од A. Ferrante и *Habanera* од операта Carmen од Bizet.

Програмата ја водеше Сандра Газинковски.



## Športna sekcija MKD »Sv. Ciril in Metod« - mali nogomet

Nogometna ekipa MKD Sv. Ciril in Metod iz Kranja je vsako leto uspešnejša in bolj uigrana. To dokazujejo tudi rezultati zadnjih petih turnirjev, ki smo se jih udeležili v obdobju od junija do novembra, ko smo lahko na zadnjem turnirju končno dočakali največji uspeh, 1. mesto.

V mesecu juniju se je v športnem parku Podmežakla na Jesenicah odvijal nogometni turnir šestih ekip na naravni travi. Organizator je bilo društvo MKD Ilinden, Jesenice. Kot vedno je bilo tudi tisto nedeljo peklensko vroče in to se je poznalo tudi pri izčrpanosti igralcev. Naša ekipa je v polfinalu izgubila proti ekipi SKPD Sveti Sava in šla v boj za tretje mesto, kjer smo premagali gostitelje in osvojili končno tretje mesto. Poleg tega pa je naš igralec *Viktor Gjeorgijev* osvojil nagrado za najboljšega strelca turnirja. Prvo mesto je osvojila ekipa KPŠD Vuk Karadžić iz Radovljice.



Po poletnem premoru je sledilo obdobje, ki je bilo za našo ekipo zelo uspešno. Septembra smo bili povabljeni na dva močna turnirja srbskih društev in bilo nam je v čast, da sodelujemo kot edino makedonsko moštvo.

Za odlično organiziran turnir v Kranju je poskrbelo društvo SKPD Sveti Sava, ki je najelo igrišče z umetno travo. Seveda smo bili navdušeni saj so lahko navijači svoje ekipe podpirali s tribun. V konkurenci osmih ekip je svojo imela tudi folklorna skupina iz BiH, ki je sodelovala na folklornem festivalu pri SKPD Sveti Sava. Čeprav so bili njihovi simpatični navijači najštevilčnejši in najglasnejši na tribuni, njiho-



vo moštvo ni osvojilo nobene lovorike. Pogoji za igro so bili vrhunski zato smo lahko uživali v tehnični in hitri nogometni igri. Čeprav je bila naša ekipa MKD Sv. Ciril in Metod praktično brez menjav, saj nas je kar nekaj manjkalo zaradi poškodb in obveznosti, smo se gladko prebili skozi skupinski del in v polfinalu premagali KD Brdo 2 z rezultatom 2:1. V drugem polfinalu je ekipa KD Brdo 1 premagala domačine in sledilo je finale. Po napetem dvoboju se je rezultat ustavil pri izenačenih 2:2 po rednem delu. Pri streljanju enajstmetrovk se je na našo žalost najbolj izkazal vratar nasprotnega moštva, ki je kasneje dobil tudi nagrado za naj vratarja. Zadovoljili smo se z drugim mestom, razveselila pa nas je še novica, da je naš igralec *Goran Bobolinski* osvojil pokal za najboljšega igralca turnirja.

Teden kasneje smo se udeležili turnirja v organizaciji KD Brdo. Igralo se je v Preddvoru na travnati površini, ki pa je bila zaradi dežja spolzka in manj primerna za igro. Težko je bilo izpeljati akcije in igrati hiter nogomet, ki je značilen za našo ekipo. Temu primerno je sledilo tudi končno 4. mesto od šestih ekip, ki smo ga osvojili po, za nas, spet nesrečnih penalih za tretje mesto. Prvo mesto je osvojila ekipa SKPD Sveti Sava.

Hitro smo pozabili slabši rezultat saj smo že v oktobru imeli naslednji turnir. Ta je bil za nas nekaj posebnega saj smo prvič zaigrali v čisto novih klubskih dresih. Temu se lahko zahvalimo našim sponzorjem, ki so nam finančno omogočili nabavo in tisk dresov (SA-MI s.p. Gazinkovski, GOLDY Metodi Zlatkov s.p., Gradbeništvo SONČEK Miladin Mladenov s.p. in MELIOR d.o.o.). Ljubljansko društvo MKD Makedonija je organiziralo turnir sedmih ekip v šolski dvorani v Fužinah. Ker so ekipe zamujale so razpolovili igralni čas na dva polčasa po pet minut, da bi se lahko turnir izpeljal do določenega roka. Ekipe so se hitro menjale na igralni površini in spet se je ekipa MKD Sv. Ciril in Metod brez težav uvrstila v finale. Pretrd oreh pa je bila ekipa iz Ljubljane, ki je odigrala brezhibno in naša ekipa se je spet morala zadovoljiti "le" z drugim mestom.

A le za nekaj časa kajti novembra je bil na sporedu še zadnji malonogometni turnir v tem letu. Povabljeni smo bili s strani MKD Ohridski biseri iz Nove Gorice. Tam smo dokazali da nam dvoranski nogomet še kako "leži". Ker ni bilo nekaterih najboljših ekip je bilo upanje vseh šestih ekip, ki so bile prisotne, na končno zmago toliko večje. Za našo ekipo je bilo pomembno le finale. Vse kar se je zgodilo pred finalom je bil "le trening". To seveda pomeni, da so štele samo zmage. V finalu smo si zasluženo stali nasproti ekipi MKD Sv. Ciril in Metoda iz Kranja in SKD Sloga iz Nove Gorice. Na tribunah je bilo pestro in pomoč navijačev je bila vidna tudi na igrišču. Moštvo iz Nove Gorice je povedlo že z 2:0, a naša ekipa se ni vdala. Z lepo igro



in močno voljo so izenačili rezultat in ga na krilih publike tudi spreobrnili v svojo prid na 3:2, ki je bil tudi končen rezultat. Veliko veselje in pokal za prvo mesto je končno prišel v Kranj, v prostore MKD Sv. Cirila in Metoda.

Lahko bi rekli čisto na koncu …, ampak to je šele začetek. Bravo fantje!

*Ivica Bobolinski*

## Крањчанка: Вкусот на македонската кујна

Во септемврискиот број на прилогот на Горењски глас, *Крањчанка* излезе статија под наслов *Вкусот на македонската кујна*. Имено, со традиционална македонска храна се претстави Павлинка Стаменковска, која учествуваше во изборот за нај куварка. Меѓу другите традиционални македонски јадења, на трпезата која ја подготви г-ѓа Стаменковска се најдоа тавче-гравчето, зелникот, празот со месо, кифличките, домашниот ајвар, шопската салата и други јадења, а присутно беше и македонското вино.


NAJ KUHARICA

Okusi makedonske kulinarike

»V veliko čast mi je ohranjati tradicijo daleč stran od mojega rojstnega kraja,« je povedala Pavlinka Stamenkovska, ki je pripravila tradicionalno makedonsko pojedino pod šotorom.

Šopska solata

И благодариме на г-ѓа Стаменковска што ја презентираше традиционалната македонска храна и им ја претстави од близу на читателите од Горењска и пошироко.

Во продолжение следи рецептот за подготвување на зелник, кој беше објавен во споменатиот весник.




**Zelnik**

Potrebujemo: 500 gramov moke, 1 žlico soli, 1 zavitek svežega kvasa. Vse sestavine zamesimo z vodo. Testo razdelimo na šest enakih delov in pustimo, da počiva 15 minut. Potem naredimo kroge, ko jih pustimo, da se posušijo. V okroglem pekaču kroge enega na drugega nalagamo in polijemo z oljem, v sredini pustimo prostor za nadev, narejen iz pora. Potem spečemo na zmerni temperaturi.

## МКД „Св. Кирил и Методиј“ добитник на наградата на МО Крањ за 2012 година

МО (Mestna Občina) Крањ, како и секоја година и оваа, го слави општинскиот празник на 3. декември, денот кога е роден најголемиот словенечки поет, др. Франце Прешерн. По тој повод општината, на предвечерието на општинскиот празник организира свечена академија, на која поделува општински награди и признанија.






Годинава, свечената академија, на која присуствуваа значајни политички и бизнис гости, се одржа на 2. декември во Брдо кај Крањ. Во културно-забавната програма учествуваа познатата словенечка виолинистка, Ања Буковец и исто така, популарната пејачка на забавни мелодии, Нушка Драшчек.

Помеѓу четиринаесетте добитници на награди и признанија за 2012 година беше и МКД „Св. Кирил и Методиј“, кое доби награда на МО Крањ за 20-годишно успешно дејствување. Наградата ја врачи градоначалникот на МО Крањ, г-динот Мохор Богатај.





# Прешерново оро 2012: ПЕСНА - СЛИКА - МУЗИКА

Во деновите кога МО Крањ го празнува раѓањето на најголемиот словенечки поет, др. Франце Прешерн, на 1. декември, во МаКуЦ, со богата програма беше одржан вториот дел од проектот *Прешерново оро*, под слоганот *песна-слика-музика*.





Програмата ја отворија најмалите игра-орци, кои вежбаат и настапуваат под менторство на Драгана Ефремова и Катарина Герасимова. Се претставија со песната *Ајде Величке* иората *Бувчанско* и *Правото за рамо*. Потоа следеше настапот на групата составена од малку повозрасни деца, чиј ментор е Даниел Ефремов. Тие се претставија соората *Потрчулка*, *Крастачка*, *Четворка* и *Малешевско оро*.

По воведното загревање, програмата продолжи со литературна вечер. Доц. др. Намита Субиото и Петра Јуриќ ја претставија македонската поетеса Бистра Кумбароска, која промовираше свеж бран во македонска поезија. Се читаа нејзини песни на македонски и словенечки јазик. Бистра Кумбароска дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на одделот за англиски јазик и книжевност. Моментално ги завршува магистерските студии на Економскиот факултет на Универзитетот во Љубљана. Нејзината прва збирка на песни *Ти не сакаш поезија* беше објавена 2011 година и наиде на позитивни критики, и е преведувана во литературни ревии во Србија, Хрватска, Словенија, Шведска и Велика Британија. Учествувала на







*Струшките вечери на поезијата*.

Следеше поделување на благодарници на донаторите на друштвото за 2012 година, кои беа поделени во четири категории: бисерни, златни, сребрени и бронзени донатори. Благодарниците ги подели заменик градоначалничката на МО Крањ, г-ѓа Нада Михајловиќ.

Врамениот список на донатори на друштвото за 2012 година, како и врамени списоци на градителите и донаторите на Македонскиот културен центар (МаКуЦ) од периодот 2004/2005 година беа свечено откриени од страна на поранешните претседатели на друштвото, г-динот др. Илија Димитриевски и г-динот Атанас Продански.

Потоа бината се наполни со фолклористи од три македонски друштва од Словенија. Имено со заедничката кореографија - Малешевка, премиерно пред публиката се претставија играорците на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ, МКД „Илинден“ од Јесенице и МФГ „Калина“ од Љубљана. Настапот, иако премиерен беше одличен, со што настапувачите изнудија громогласен аплауз. Кореограф на орото е Јовица Блажевски, додека автори на музиката се Сашо Митев и Влатко Терзиски. Ментори на елитната фолклорна група, составена од фолклористи од трите споменати друштва се Даниел Ефремов, Тодор Стоименов и Соња Цекова Стојаноска.












Во продолжение на програмата следеше отварањето на ликовната изложба на сликарот и график Берко, што всушност претставува седма изложба, отворена годинава во галеријата Св. Кирил и Методиј. Краток говор пред присутните одржаа претседателот на друштвото, г-динот Игор Захариев, сликарот Берко и заменик градоначалничката на МО Крањ, г-ѓа Нада Михајловиќ, која и ја прогласи изложбата за отворена.

Берко е роден 1946 година во Љубљана. Од 1974 година е слободен уметник. Сликарски се обликувал во времето на поп артот и фотореализмот. Имал 70 самостојни изложби и учествувал на многу меѓународни претставувања на југословенската и словенечката уметност, како и на повеќе од 100 биеналиња и триеналиња на графика. Добитник е на многу награди и признанија. Живее и работи во Шкофја Лока.

Критика за делата на Берко напиша доц. маг. Боге Димовски. Програмата успешно ја доведе до крај Сандра Газинковски.

Потоа следеше кулинарска вечер со традиционална македонска храна. За забава до полноќ се погрижи *Дуо Петрови* од Љубљана.





На
сите
они кои
сѐ уште не
бакнуваат кога
се поздравуваат со
нас, на сите оние кои
сакаат да ни дадат подарок
без посебна причина, на сите оние
кои сакаат
да спијат подолго,
но секогаш се будат
добро расположени, на сите
оние кои напорно работат, но
знаат и добро да се забавуваат,
на сите оние кои секојдневно брзаат
на работа, но влегуваат со насмевка во
канцеларијата, на сите оние кои го исклучуваат
телевизорот за да
поразговараат со пријателите,
на сите оние кои често доцнат, но
не даваат лажни извинувања, на сите
оние кои се среќни кога ќе сработат двојно повеќе,
на сите оние кои сѐ уште имаат ентузијазам на дете
и разумност на возрасен, на сите оние кои стануваат рано
наутро само за да им помогнат на своите пријатели, на сите
оние кои не чекаат
да дојде Божиќ за
да бидат похумани
и да подарат барем
малку љубов,
на сите наши читатели
Ви посакуваме
**СРЕЌНА НОВА 2013 И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ**

… vsem našim bralkam in bralcem
želimo
**VESEL BOŽIČ IN SREČNO NOVO LETO 2013**

МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ КРАЊ, СЛОВЕНИЈА

MKD ”Sv. Ciril in Metod“ Kranj, Slovenija

**Адреса:** Савска цеста бр.34, 4000, Крањ, Словенија (**Naslov:** Savska cesta 34, 4000 Kranj, Slovenija)

**Телефони:** +386 (0)40 166 882, +386 (0)40 572 785

**Интернет страни:** www.mkd-kim.si, www.mkc-kranj.si

**E-mail:** mkd.kranj@gmail.com

http://www.facebook.com/mkd.kim

Projekt “Informacijski center - Naše sonce” je sofinanciral Javni sklad za kulturne dejavnosti Republike Slovenije

## Спонзори и донатори

**Спонзори:**

Tabakum Export-Import d.o.o., Novo mesto

Makedonija trade d.o.o., Ljubljana

Vinojug d.o.o., Šenčur

Zebra d.o.o., Kranj

Avtošola – Ekspert d.o.o., Kranj

Alkaloid d.o.o., Ljubljana

Maktrans d.o.o., Ljubljana

Novateks d.o.o., Ljubljana

Kara d.o.o., Tržič

Biljana in Zoran Tomov - Avstrija

Miladin Mladenov s.p., Preddvor

Okrepčevalnica PRI MATEVŽU, Kranj

Goldy s.p., Kranj

SA-MI s.p., Kranj

Foto Daniel Atanasov

**Донатори:**

Javni sklad za kulturne dejavnosti Republike Slovenije

Ministrstvo za kulturo Republike Slovenije

Mestna občina Kranj

Sava d.d., Kranj

Savatech d.o.o., Kranj

Амбасада на Република Македонија во Република Словенија